РЕПУБЛИКА СЕВЕРНА МАКЕДОНИЈА
АГЕНЦИЈА ЗА АДМИНИСТРАЦИЈА
Бр. 04-1750/9
14-09-2022

Врз основа на член 52 став (1) од Законот за административни службеници („Службен весник на Република Македонија" број 27/14, 199/14, 48/15, 154/15, 5/16, 142/16, 11/18 и „Службен весник на Република Северна Македонија" број 275/19, 14/20, 215/21 и 99/22), директорот на Агенцијата за администрација, донесе

# ОДЛУКА
## за избор на кандидат по пат на Интерен оглас број 01/2022 за пополнување на работно место со унапредување

1. За извршител на **работно место Државен советник за селекција на кандидати за вработување**, се избира кандидатот **Александар Алексовски.**

2. Оваа одлука влегува во сила со денот на донесувањето.

## Образложение

На ден 07.09.2022 година е објавен Интерен оглас број 01/2022 на веб страната на Агенцијата за администрација за унапредување на административен службеник во Агенција за администрација.

Со Решение број 04-1779/1 од 13.09.2022 година формирана е Комисија за селекција за унапредување по интерен оглас, која ја спроведе постапката за селекција на кандидатите за унапредување. По спроведената постапка, Комисијата за селекција за унапредување изготви Записник од административна селекција за интерен оглас, број 04-1750/7 од 14.09.2022 година и Записник од спроведување на интервју, број 04-1750/8 од 14.09.2022 година.

Врз основа на Записникот од финалната ранг листа на интервјуираните кандидати, за работното место Државен советник за селекција на кандидати за вработување, директорот на Агенцијата за администрација донесе одлука како во диспозитивот.

**ПРАВНА ПОУКА:** Против оваа одлука може да се поднесе жалба преку Агенцијата за администрација до Државната комисија за одлучување во управна постапка и постапка од работен однос во втор степен, во рок од 8 дена од денот на приемот на одлуката.

ДИРЕКТОР,
СПАСЕ ГЛИГОРОВ

Изработил: м-р Анета Димовска

Доставено до:
-Избраниот кандидат;
-Сектор за селекција на кандидати за вработување;
-Оддел. за управување со човечки ресурси; и
-Архива.